В. Мошин. На симпозиумот учествуваа со реферати уште: В. Илиќ-Илијашевиќ, Ј. Братулиќ, З. Расолкоска-Николовска, Д. Стефанија, а во секцијата Б: М. Лукиќ, Р. Угринова-Скаловска, П. Илиевски, Ж. Михаиловиќ, Љ. Штовљанин-Ѓорѓевиќ, Д. Богдановиќ, М. Пантелиќ, А. Младеновиќ, З. Курзова, М. Миовски.

Во палеографската секција беа прочитани рефератите во врска со описи на стари споменици од: М. Веселинов, Б. Стипчевиќ. В. Папазисовска, В. Антиќ, Г. Георгиевски.

Симпозиумот продолжи со работа на 25 во Штип. Покрај рефератите прочитани во секцијата А од: Д. Шопов, Б. Панов, Љ. Василев-Стефоска и Н. Този, во секцијата Б го прочита својот реферат „Словенските натписи на фреските во Македонија" академикот Б. Конески. Рефератот на В. Мошин носеше наслов: Пелеографско-правописни норми за јужнословенските ракописи од пергаментниот период", а на Д. Стефановиќ: „Ексфонетска нотација во старословенските ракописи".

Според имињата на учесниците на симпозиумот, се гледа дека зеле учество научни работници од сите југословенски универзитетски центри: слависти, историчари и историчари на уметноста. Делото на браќата Кирил и Методиј се осветли од повеќе аспекти. Изнесените факти придонесоа да се расветлат повеќе моменти во врска со создавањето на словенската писменост. Се укажа на околностите за создавањето на културната традиција кај Словените. Уште еднаш се потврди дека јазикот на кој браќата Кирил и Методиј ја создале азбуката и ги превеле книгите бил говорот на македонските Словени околу Солун, во IX век.

Попладнето учесниците на симпозиумот ги посетија ископините на старото место Баргала, кај. с. Горен Козјак (до Штип), кое се смета како средиште на значајни настани од историјата на македонските Словени

*В.*

## Соработка на Скопскиот универзитет „Кирил и Методиј" со Универзитетот во Воронеж (СССР)

Во склопот на манифестациите што го обележаа јубилејот на Скопскиот универзитет влегува и гостувањето на ректорот, проф. д-р Валентин Пименович Мелешко и деканот на Историскиот факултет, доц. д-р Владимир Василиевич Гусев од Ворoњешкиот државен универзитет и склучувањето договор за меѓусебна соработка на двата универзитета.

Д-р Владимир Василиевич Гусев одржа предавање пред студентите и професорите на Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет под наслов — *Системот на хуманитарното образование на Вороњешкиот универзитет* —, во кој беа опфатени и податоци за неговиот 50-годишен развој.

Вороњешкиот државен универзитет е создаден прв по победата на Октомвриската револуција во Русија. Инспириран од идеалите на великиот Октомври, во текот на неговото постоење, заедно со многубројните универзитети на СССР, придонесува во гигантското чекорење на советската наука и култура.

Договорот за меѓусебна соработка се склучи на 23 април 1969 година. За нас тој не претставува само средство што ќе ни овозможи здобивање нови сознанија, на сите полиња на дејствувањето на Универзитетот, туку истовремено и доказ за афирмацијата нашиот Универзитет надвор од границите на нашата татковина, што во крајна инстанца значи и афирмација на македонската нација.

Договорот, склучен во духот на рамноправна соработка и меѓусебно почитување, ќе придонесе за потемелно заемно запознавање и јакнење на односите меѓу нашите народи.

*М.*